# Извештај

По Програмата за одржување на јавна чистота за 2024 година

Годишната програма за одржување на јавна чистота за 2024 година согласно чл.7 став 1 од Законот за јавна чистота „Сл.весник на Р.Македоника бр.11“ од 3 Септември 2008 година ќе ја врши ЈП Комуналец од Крива Паланка.

ЈП Комуналец – Крива Паланка има од Министерство за транспрт и врски Дозвола за одржување на Јавна чистота со бр.007/ЈЧ од 21 .04.2016г за извршување на работите за јавна чистота во градот Крива Паланка.

Со спроведување на годишната програма за јавна чистота се има за цел на граѓаните на Општина Крива Паланка да се подобри јавната чистота во градот и обезбеди здрава, чиста и естетски подобра животна и работна средина.

Надзор над спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2024 година ја врши Одделението за инспекциски надзор , односно комуналниот инспектор. За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок од страна на физичките и правните лица . Висината на надоместокот е утврдена од страна на Советот на Општината. Наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота се врши преку доставување на сметка за комунални услуги изготвена од ЈП Комуналец. Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавна чистота се приход на Општината , истите се наменски и се користат за финансирање на одржување на јавна чистота.

Годишната Програма за јавна чистота за 2024 година опфаќа неколку нивоа на работи и тоа:

-Метење на јавни површини;

-Миење на јавни површини;

-Зимско одржување на јавни површини;

-Чистење и одржување на речни регулациони корита и долови;

-Чистење на наноси на јавни површини,улици и локални патишта;

-Чистење и одржување на објекти за атмосферски води;

-Уредување и одржување на јавни санитарни јазли;

-Празнење на постоечки улични садови за отпад;

-Поставување и одржување на соодветни садови за отпад на јавни површини и отворени јавни простори;

- Чистење на диви депонии и отстранување на градежен шут;

- Чистење на јавни површини и отворени простори од несоодветна вегетација;

-Генерално чистење на градски плоштади ,градски парк и други отворени површини;

-Чистење на јавни површини и отворени простори по завршување на разни културни манифестации,митинзи и др.;

-Набавка на алат и опрема.

За да се спроведе Програмата за јавна чистота на градот Крива Паланка, ЈП Комуналец ги ангажира сите свои расположливи матријални и човечко средства за спроедување и реализација на програмата за јавна чистота на Општина Крива Паланка. Метењето на јавни површина се извршуваше со камион со хидраулика за кревање ,,Ивеко“, самоходна метларка ,,Брако“, трактор со приклучна опрема, електрични правосмукалки и работници одржувачи на јавни површини распоредени по реони во градот Крива Паланка.

Позицијата од Програмата метење на јавни површини е поделена на четири зони :

-Метење на јавни површини секој работен ден (прва зона);

-Метење на јавни површини два пати во месецот (втора зона);

-Метење на јавни површини два пати во месецот (трета зона);

-Метење на јавни површини еднаш во месецот (четврта зона).

Позицијата метење на јавни површини од прва зона опфаќа метење на главна улица Св„Јоаким Осоговски“ со тротоари на потег од ,,Осички Мост“ до “Касарна“, метење на плоштадот кај Општина, стар плоштад, метење на паркиралишта на главна улица и мостови на главна улица.

ЈП Комуналец во 2024 година главната улица Св.Јоаким Осоговски, со тротоари од Осички мост до Касарна, паркиралиштата, мостовите, градски плоштад ги метеше и одржуваше редовно секој ден.

Дополнително во интерес на повисоко ниво на јавната чистота во градот за викендите сабота и недела имаше дежурни по два метачи и самоходната метларка,,Брако“, како и за време на сите државни и верски празници во годината дежурни метачи и самоходна метларка ,,Брако“ со тоа имаше во доволен број метачи и услугата метењето на јавни површини во прва зона **е извршена 95%.**

Исто така извршено е генерално чистење и миење на двата плоштади после настани.

Улиците од втора зона каде е предвидено да се метат два пати во месецот се: ул.Св.Јоаким Осговски крак -2 на потег од „Соларски мост“ до „Фурна Вардар“ ул. ,,Борис Трајковски“, ул.,,Прохор Пчински“, ул.,,Никола Тесла“, ул.„Партизанска“, ул.„Моша Пијаде“, ул.,,8 Октомври“, ул.,,Осоговска“, ул.,,Наско Тамбурков,“ и услугата **е извршена 92%**.

Улиците од трета зона каде е предвидено да се метат два пати во месецот се: ул.,,Македонска“, ул.,,Димитар Арсов“,ул.,,Ратко Минев“, ул.,,Херој Карпош“, ул.,,Јане Сандански“, ул.,,Гоце Делчев“, ул.,,17-та Македонска Бригада“, ул.,Димитар Влахов“, ул.„Чупино Брдо“, ул.,,8-ми Септември“, ул.,,3-та Македонска Бригада“, ул.,,НаскоТамбурков“, ул.,,11-ти Октомври“, ,,Обиколница“ на град Крива Паланка“, ул.„Коце Металец“, ул.„Климент Охридски“, ул.„Пиринска“, ул.„Вера Јоциќ“ и услугата е **извршена 20%.**

Метењето на четврта зона опфаќа метење на: локален пат кон с.Конопница и крак кон Црква, локален пат кон с.Варовиште од мотел „Македонија“ до Манастир ( стар и нов дел), дополнително се ангажираа општински работници и затворски работници од КПД и е **извршено 30%** од програмата за јавна чистота на градот Крива Паланка.

Позицијата од Програмата за јавна чистота - миење на јавни површини- исто така е поделена на две зони и тоа:

- јавни површини кои се мијат два пати во месецот (прва зона) и

- јавни површини кои се мијат еднаш во месецот (втора зона).

Миењето на јавни површини во прва зона ја опфаќа: главна ул.,,Св.Јоаким Осоговски“ со тротоари од ,,Осички мост“ до „Касарна“, паркиралишта на главна улица, мостовите, Градски плоштад, Градски парк и Градски пазар и се спроведуваше со користење на постојната хидрантска мрежа и се **изврши 97%** бидејќи во летниот период имаше недостаток на патка вода и приоритет е водоснабдување на граѓаните на градот Крива Паланка и не можеше во целост да се изврши предвидената активност но интервентно се переа само градските плоштади и градскиот парк. Миењето на јавните површини во втора зона се изврши на улиците: ул.„Партизанска“, ул,,Моша Пијаде“, ул.,,8-ми Септември“, ул.,,Димитар Арсов“, ул,,Ратко Минев“, ул,,Херој Карпош“, ул,,Јане Сандански“, ул,,17-та Македонска Бригада“, ул,,3 Македонска Бригада“, ул,,Наско Тамбурков“, ул,, Гоце Делчев“, со возило цистерна од 7.0м³ и се **изврши 17% .**

Во текот на работењето имаше недостаток на вода за пиење и дефекти на самото возилото и хидропумпата кои се стари повеќе од 24години и е потребно **да се набави** друга цистерна за таа немена.

Третата активност од Програмата за јавна чистота: Зимско одржување на јавни површини и отворени простори се спроведуваше на приоритетните површини на главна ул.„Св.Јоаким Осоговски“, вoглавно на тротоарите од ,,Осички мост“ до „Технички сервис“, „Градски плоштад“, „Нов градски плоштад“, „Градски парк“, влез на Градски пазар и Градски пазар, тротоари на мостови, скали од ул,,Св.Јоаким Осоговски“ кон н.Бегови Бавчи, патека и скали кон Виолетов мост и паркиралишта кај Општина, Дом на култура, спроти Балкан, меѓу Партизан и Општина, Стар зелен пазар и пред Пензионерски дом. Во 2024 година што измина немаше поголеми снежни врнежи во Општина Крива Паланка.

Чистење и одржување регулациони корита и долови

Чистењето на наноси на регулации на водотеци и долови се извршува со градежна механизација Скип, а одвозот на материјал се вршеше со камон и трактор. Очистени се доловите во Единство, Домачки дол, Куков дол, Трештен дол, Скрљавски дол , Нимулија и Белевски дол и од предвидените работи **извршени се 23%.**

Чистењето на наноси од јавни површини по Програмата за јавна чистота за 2024 година ЈП Комуналец во целост ја спроведе во пролетниот и есенскиот дел од годината кога има локални поројни дождови. Чистење на наноси на локалната патна мрежа најповеќе имаше во ул.„Осоговска“, ул.„Херој Карпош“- од Банто до Опатија, ул.„Пиринска“ и на други јавни површини.Материјалот беше целосно собран, утоварен и депортиран со возило на соодветна локација, **извршено е 103%.**

Одржување на постоечки атмосферски канализации

ЈП Комуналец во целост го изврши чистењето на постоечките атмосферки решетки шахти, отворени атмосферски канали и пропусти, се чистеше, собираше и транспортираше материјалот на соодветна локација, **извршено е 4%** од предвидените работи.

Одржување на јавни санитарни јазли како активност од Програмата за јавна чистота за 2024 година, **извршена е 63%**.

Празнење на постоечки улични садови за отпад поставени на канделабрите еднаш неделно е **извршено 87%**.

Поставување и одржување на соодветни садови за отпадоци на јавни површини. ЈП Комуналец изврши поправка на 43 контејнери и 65 замена на стари со нови тркалца за

контејнери и поправи 36 мали сада за отпад кои се поставени на канделабри на главна ул.,,Св.Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка. Предвидените активности се **извршени 12%.**

Чистење на диви депонии и отстранување на градежен шут

ЈП „Комуналец“ Крива Палнка за остранувањето и чистењето на шут и комунален отпад од т.н.Диви депонии во градот Крива Паланка во изминатата 2024година секојдневно имаше ангажирано: Комунално возило, по потреба механизација Скип и товарен камион. Се острануваше комунален смет, шут и кабаст отпад депониран покрај контејнери особено на магистрален пат кај: Бегови бавчи, Болничка ливада, Дабо-Осичка мала, Кадиска чешма, Тораничка зграда, Лозаново, с.Конопница и Трештен дол и целокупниот смет беше навреме отстранет, транспортиран и депониран во градската депонија во с.Конопница -Крива Паланка ,работата е извршена 523%.

Чистење на јавни површини и отворени простори од несоодветна вегетација е извршено по тротоари по главна улица и дел од споредните улици со **50%.**

Генерално чистење на градски плоштади градски парк и другаи јавни отворени површини е извршено.

Чистење на јавни површини и отворени простори по завршување на разни културни манифестации митинзи и друго е **извршено 90%.**

Набавка на алат и опрема во текот на 2024година: набавени се четки за метларката „Брако“ и основен алат за работа, **извршено е со 26%.**

ЈП „Комуналец“ од Крива Паланка во 2024 година до правните и физичките лица има фактурирано сметки за надоместок за јавна чистота во износ од **33 216 179** ден од кои **20 279 240** ден. се фактурирани на физички лица, а **12 936 939** ден. на правни лица.

ЈП„Комуналец“ Крива Паланка има извршено работи од Програмата за јавна чистота за 2024 година со вкупна вредност од **6 192 303 денари**, ако се знае дека планираните расходи за јавна чистота за 2024 година изнесуваа **7 999 502 ден.** а извршени работи од **6 192 303** што изнесува **77% извршени** работи од одржување за јавна чистота во градот Крива Паланка.

Извршени работи по програмата за јавна чистота 2024 г по позиции.

**Рекапитулар :**

| Бр | Програмски Работи | Планиран износ во денари | Извршени работи во денари | Процент |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење на јавни површини | 3 970 453 | 3 033 306 | 76% |
| 2 | Миење на јавни површини | 1 616 901 | 841 009 | 52% |
| 3 | Зимско одржување на јавни површини | 348 348 | / | / |
| 4 | Чистење и одржување на речни регулациони корита и долови | 346 500 | 80 904 | 23% |
| 5 | Чистење на наноси на јавни површини | 120 000 | 124 298 | 103% |
| 6 | Чистење и одржување на објекти за атмосферски води | 144 000 | 5 634 | 4 % |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Одржување на Јавни санитарни јазли | 198 000 | 125 712 | 63% |
| 8 | Празнење на постоечки улични садови за отпад | 96 000 | 83 619 | 87% |
| 9 | Поставување и одржување на садови за отпад на јавни површини и отворени јавни простори | 200 000 | 24 524 | 12% |
| 10 | Чистење на диви депонии и отсранување градежен шут | 323 000 | 1 687 797 | 523% |
| 11 | Чистење на јавни површини и отворени простори од несоодветна вегетација | 90 400 | 45 000 | 50% |
| 12 | Генерално чистење на градски плоштади,градски парк,и други јавни отворени површини. | 250 000 | / | / |
| 13 | Чистење на јавни површини и отворени простори по завршување на разни културни манифестации,митинзи и др | 100 000 | 90 000 | 90% |
| 14 | Набавка на алат и опрема | 195 900 | 50 500 | 26% |
| | Вкупно | 7 999 502 | 6 192 303 | 77% |

По предвидените средства донесени со буџет на Општина крива паланка кои изнесуваат 7 000 000 денари со ДДВ односно 6 650 000 без ДДВ искористени се 93% од средствата.

За подобрување на обемот и ниво на квалитет на улсугите од Програмата за јавна чистота потребно е набавка на нови машини и опрема на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка кои се потребни за да се спроведе Програата за јавна чистота на Општина Крива Паланка.

Изготвил:

Дејан Стојановски

Крива Паланка

13.02.2025 година

ЈП Комуналец - Крива Паланка

Директор

Далибор Стојановиќ